Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП„Охридски Комуналец“ - Охрид за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2022 година.

**Број 09- 15397/85**
**15.11.2022 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.11.2022 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето и остварените резултати на ЈП„Охридски комуналец“ - Охрид за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година, усвоен од Управниот одбор со Одлука бр.02-2261/3 од 31.10.2022 година и Заклучок на Надзорниот одбор бр.02-2265/2 од 31.10.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-15397/27**
**15.11.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседавач,**
**Милена Грозданоска,с.р.**

**ЈП "ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" - ОХРИД**

Тел./Факс:++389 46 263-325 E-mail : ohridkom@t.mk
Жиро сметка: 250-0001000731-68 Даночен бр.: МК 4020989101655
Депонент: Шпаркасе Банка Македонија АД - Скопје

# И З В Е Ш Т А Ј
## за остварените резултати од работењето на Ј.П."ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" - ОХРИД за периодот 01.Јули– 30. Септември 2022 год.

Охрид,
Октомври 2022 година

Јавно претпријатие за
комунална дејност
"ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ"
Бр 02-2261/5
31.10.2022 год.
Охрид

# I. ОСНОВАЊЕ И ДЕЈНОСТ

J.П. "Охридски Комуналец" – Охрид е локално јавно претпријатие основано од страна на Општина Охрид, организирано за извршување на комунални дејности на територијата на Општина Охрид, чии широк спектар на активности се сублимираат во следниве основни дејности:

- Собирање, транспорт и депонирање на комунален отпад;

- Одржување на јавната чистота во градските и приградските населби;

- Одржување на градските паркови, зеленила, парк шуми;

- Отстранување и чување на непрописно паркирани возила, украсување на населени места и многу други активности од комуналната сфера.

Дејноста и активностите на Ј.П."Охридски Комуналец" – Охрид се регулирани и усогласени согласно законските и подзаконските акти и тоа: Законот за јавни претпријатија, Законот за комунални дејности, Законот за управување со отпад, Закон за Јавна чистота и други законски прописи.

Модерен и чист град, чиста урбана средина, заштита на животната средина и намалување на трошоците се наша заложба. Со меѓусебна, транспарентна, јасна и отворена комуникација секојдневно градиме партнерски однос со граѓаните, а нивното задоволство и исполнување на нивните потреби за здрава и чиста околина, го потврдуваат успехот на нашето работење.

Во согласност со Програмата за работа за 2022 год. се определени и планирани начинот и динамиката на собирање на отпадот од домаќинствата и стопанските субјекти, начинот и динамиката на одржување на јавната чистота на подрачјето на општина Охрид и приградските населби, одржување на јавното зеленило, организационо – техничката опременост и финансиски показатели.
При извршувањето на дејностите од јавен интерес јавното претпријатие ги почитува принципите на сигурност во давање на услугите, континуитетот и квалитет на услугата, транспарентност, квалитет на услугата, достапност и универзална услуга и заштита на корисниците.

Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид преку разни средства се стреми за развивање на еколошката свест кај локалното население, со цел да им покаже на граѓаните и правните субјекти дека грижата за животната средина треба да добие карактер на економски стимул. Едукацијата на најмладата популација на нашиот град е важен сегмент во нашето работење, за намалување на количеството отпад и зачувување на количеството на отпад и зачувување на човековата околина.

## II. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

Процесот на работа во јавното претпријатие е организирана на ниво на Сектори, одделенија и оддели, согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизацијана Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид бр. 02-599/8 од 14.04.2021 година. усвоен со Одлука од Управен одбор бр. 02-599/4 од 14.04.2021 година и Правилникот за внатрешна организација на Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид бр.2 02-599/7 од 14.04.2021 година. Во Секторите постојат облици на работно организирање во кои се обавува процесот на работа, а кои се во согласност со потребите и условите за работа.

Дејностите и работите во **Ј.П "ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" – ОХРИД** се обавуваат во следните Сектори и одделенија:

*** СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА**

**- Одделение за Услужна хигиена**
**- Одделение за Јавна хигиена**
**- Одделение за Депонија**
**Оддел – прифатилиште за бездомни животни**

*** СЕКТОР ЗА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО**

**- Одделение Расадник со Производство**
**- Одделение Паркови и Зеленило**

*** СЕКТОР ЗА МЕХАНИЗАЦИЈА**

**- Одделение за Експлоатација на возен парк**
**- Одделение за Одржување на механизација и возила**

*** СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ**

**- Одделение за Сметководство**
**Оддел план и анализа**
**- Одделение за АОП**
**- Одделение за Наплата**
**Оддел инкасанти**
**- Одделение за Јавна набавка**
**Оддел за магационерско работење**

*** СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ**

**- Одделение за Општи и правни работи**
**- Одделение за Човечки ресурси**

## III. БРОЈ И ДИНАМИКА НА ВРАБОТЕНИ

Бројот, динамиката и квалификацијата на вработените во Ј.П."Охридски Комуналец" - Охрид за пресметковниот период од 01.07.2022 година до 30.09.2022 година прикажани се во табели.

*Бројот на вработени*
*по месеци*

| месец / год. | VII | VIII | IX |
|---|---|---|---|
| **2022** | 309 | 307 | 308 |
| **2021** | 302 | 307 | 309 |

Бројот на вработени за пресметковниот период 01.07.2022 год. – 30.09.2022.година во просек изнесува 308 вработени. Заклучно со месец Септември 2022 година бројот на вработени изнесува 308 од кои 267 вработени на неопределено време , а 41 на определено работно време.

Сите работни места се во согласност со Правилникот за систематизација на работните места и Правилникот за внатрешна организација на Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид.

*Број на вработени по работни единици*
*заклучно со 30.09.2022. година*

| | **СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА** | | | | | | **СЕКТОР ЗА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО** | | **СЕКТОР ЗА МЕХАНИЗАЦИЈА** | | **СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ** | | **СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Јавна | | Услужна | | Депонија | | | | | | | | | |
| | н. | о. | н. | о. | н. | о. | н. | о. | н. | о. | н. | о. | н. | о. |
| Директор | | | | | | | | | | | | | 1 | |
| Пом. дир. за оперативно – технички работи | | | | | | | | | | | | | | |
| Раководители | 1 | | 1 | | | | 1 | | 2 | | 5 | | 1 | |
| Предводници | 1 | | 1 | | | | 2 | | 4 | | | | | |
| Извршители | 48 | 5 | 57 | 18 | 3 | | 37 | 7 | 38 | 7 | 40 | 2 | 24 | 2 |
| **Вкупно: 308** | **50** | **5** | **59** | **18** | **3** | | **40** | **7** | **44** | **7** | **45** | **2** | **26** | **2** |

## IV. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

* Ј.П. "Охридски Комуналец" - Охрид ги има изготвено своите финансиски извештаи врз основа на пресметковна основа (фактурирана реализација).

***- Реализација***

Во табелата на вкупните приходи за пресметковниот период од 01.Јули до 30.Септември 2022 година приходите на Ј.П. "Охридски Комуналец" - Охрид изнесуваат 39,956,849.00 денари или со индекс од 104% добиен како резултат на споредување на приходите од 2022 година со вкупните приходи од 2021 година за истиот пресметковен период. Вредноста на вкупните приходи е добиена како резултат на зголемувањето или намалувањато на поединечните приходи пооделно во работните единици.

Во вкупната структура на приходи во 2022 година најголемо учество имаат *Приходите од ѓубретарина од граѓани* по основ на услуга, подигање, транспорт и депонирање на комунален смет во вредност од 20,802,771.00 денари; *Приходи од претпријатија* по основ на услугата подигање, транспортирање и депонирање на смет од мали и големи правни лица – редовно и вонредно со вредност од 11,359,980.00 денари; *Приходи од јавна чистота* во вредност од 3,431,609.00 денари врз основа на извршени активности предвидени за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота за 2022 год., *Приходи од зеленило* со вредност од 2,690,119.00 денари по основ продажба расаден материјал, хортикултурно уредување на дворови, паркови и сообраќајни клучки, кроење дрвореди по улици на град Охрид и извршени активности предвидени со Програмата за работа од Градскиот Совет на Општина Охрид за јавно зеленило; *Приходи од камати* со вредност од 430,541.00 денари.; *Приходи од комунални услуги градежи* на износ од 423,914.00 денари, а се однесуваат за вонредно чистење на просторот од смет како последица на превземени градежни работи; *Други приходи в*о вредност од 340,629.00 денари; *Приходи од услуга со транспортно средство* во вредност од 305,330.00 денари; *Приходи од наемнина* со вредност од 171,956.00 денари.

Анализирајќи ја споредбата на приходите од 01.Јули до 30.Септември 2022 год. со приходите од минатата 2021 година се добиваат индекси кои покажуваат зголемување или намалување на поединечните или вкупните приходи во 2022 год. во однос на минатата 2021 година.

**ОСТВАРЕНИ ВКУПНИ ПРИХОДИ**

**(СПОРЕДЕНИ СО ПРЕТХОДНА ГОДИНА)**

**за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година**

| | **2022 год.** | | **2021 год.** | | **Индекс** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на приход** | износ | структура | износ | структура | % |
| **1.ХИГИЕНА** | | | | | |
| Приходи од ѓубретарина од граѓани | 20,802,771.00 | *52.1* | 18,675,562.00 | *48.78* | 111 |
| Приходи од претпријатија | 11,359,980.00 | *28.4* | 11,219,224.00 | *29.30* | 101 |
| Приходи од средствата од јавна чистота | 3,431,609.00 | *8.6* | 3,925,237.00 | *10.25* | 87 |
| **2.ПРИХОДИ ОД ЗЕЛЕНИЛО** | | | | | |
| Приходи од зеленило | 2,690,119.00 | *6.7* | 2,385,317.00 | *6.23* | 113 |
| **3.МЕХАНИЗАЦИЈА** | | | | | |
| Приходи од услуга со транспортно средство | 305,330.00 | *0.8* | 991,339.00 | *2.59* | 31 |
| **4.ПРИХОДИ ОД НАЕМНИНА** | 171,956.00 | *0.4* | 103,138.00 | *0.27* | 167 |
| **5.ПРИХОДИ ОД КОМУНАЛНИ УСЛУГИ – ГРАДЕЖИ** | 423,914.00 | *1.1* | 801,051.00 | *2.09* | 53 |
| **6.КАМАТИ** | 430,541.00 | *1.1* | 25,931.00 | *0.07* | |
| **7.ДРУГИ ПРИХОДИ** | 340,629.00 | *0.9* | 166,392.00 | *0.43* | 205 |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ:** | **39,956,849.00** | ***100*** | **38,293,191.00** | ***100*** | **104** |

***- Трошоци на реализација***

** Трошоци на реализација ги опфаќаат сите трошоци што се настанати во однос на фактурираната реализација.*

** Трошоците кои произлегуваат од комунални услуги се покриваат од услугите на пресметковниот период кога ќе настанат. Реконструкција и адаптација со која се менува капацитетот или намената на основните средства, се книжат односно искажуваат како зголемување на вредноста на основните средства.*

Вкупните расходи на Ј.П. "Охридски Комуналец" - Охрид за пресметковниот период од 01.Јули до 30.Септември 2022 год. изнесуваат 43,101,708.00 денари или со индекс од 114% добиен како резултат на споредување на расходите од 2022 год. со вкупните расходи од 2021 година за истиот пресметковен период. Трошоците се поделени во материјални трошоци; нематеријални трошоци; плати и други трошоци.

Во материјалната група на трошоци спаѓаат:

- *Трошоците за нафта и гориво* во вредност од 4,473,308.00 денари, а најголем дел се однесуваат на потрошено гориво за возилата на Ј.П. "Охридски Комуналец" - Охрид чија основна дејност е подигање, транспорт и депонирање на комунален отпад;

-*Потрошени суровини и материјали* во вредност од 2,527,181.00 денари, а се однесуваат најмногу за набавени и потрошени резервни делови потоа расаден материјал, сезонско цвеќе, тресет, жардинери, печатени фактури и сметки, канцелариски материјали и тонери, материјал за хигиена;

-*Услугите за одржување и заштита на недвижности, опрема и постројки* во вредност од 921,442.00 денари, а се однесуваат најмногу за услуги од градежна машина за одржување и санација на депонија "Буково", услуги за одржување на алат и инвентар, сервис и одржување на моторни возила, услуги возило со корпа, услуги за одржување софтвер;

- *Трошоци на амортизација* во вредност од 571,900.00 денари;

- *Трошоци за наем лизинг* во вредност од 552,600.00 денари за наем на возило за собирање смет, метачка, цистерна за прскање со вода;

- *Потрошена електрична енергија* во вредност од 523,189.00 денари;

- *Трошоци за автогуми* во вредност од 350,686.00 денари;

- *Трошоци за телефонски услуги* во вредност од 242,249.00 денари книжени на конто 411 по основ на комуникациски услуги, надомест интернет и и телефони;

- *Трошоци за ветеринарни и санитарни услуги* во вредност од 135,172.00 денари за заловување, транспорт, вакцинирање и стерилизација на кучиња;

- *Трошоци за други комунални услуги* во вредност од 81,245.00 денари услуги од Нискоградба и Колектор;

- *Комунални услуги* на конто 415 во вредност од 50,813.00 денари, а се однесува на трошоци за вода;

- *Останати услуги* на конто 419 во вредност од 36,327.00 денари, а се однесува на трошоци за регистрација на возила;

*Од Нематеријалните трошоци* најголема ставка се однесува на *Адвокатски и нотарски услуги* на конто 44905 со износ од 371,181.00 денари;

- *Останати расходи од работењето* книжени на конто 469 во износ од 344,458.00 денари односно трошоци за судски спогодби, спорови и судски такси, расходи од сметководствени политики и исправени грешки;

- *Трошоци за промоција, пропаганда, реклама* книжени на конто 4170 во вредност од 234,610.00 денари;

- *Трошоци за Надзорен Одбор и Управен Одбор* на конто 442 во износ од 197,000.00 денари се однесуваат за месечни надоместоци на членовите на Надзорен Одбор и Управен Одбор;

- *Останати нематеријални трошоци* книжени на конто 449 со износ од од 136,501.00 денари а се однесуваат на трошоци за објавување на доделување Договори за јавна набавка на веб – локации на Биро за јавни набавки при Министерството за финасии, Службен весник, стручни весници и списанија, Адком – здружение на комунални дејности, трошоци за проценител;

- *Трошоци за договор на дело* на износ од 91,906.00 денари за закуп на простор за потребите на Јавна Хигиена;

- *Банкарски услуги и трошоци за платниот промет* на конто 446 во износ од 71,206.00 денари;

- *Премии за осигурување* на конто 445 во износ од 62,174.00 денари;

-*Трошоци за репрезентација* на конто 444 во вредност од 18,435.00 денари

- Трошоци за *Надомест на трошоците на вработените* на конто 441 со износ од 6,600.00 денари, а се однесуваат за технолошки вишок на вработените;

- *Дневници за службени патувања* на конто 440 кои изнесуваат 3,104.00 денари;

На износ од 30,311,342.00 денари книжени на конто 420 пресметани се *Платите и надоместоците на плати* за вработените во Ј.П."Охридски Комуналец"- Охрид.

*Трошоци за отпремнина при заминување во пензии* книжени на конто 422 во вредност од 446,482.00 ден..

*Камата од работење со поврзани субјекти* во вредност од 302,009.00 денари на име казнена камата.

**ВКУПНИ РАСХОДИ**
**(СПОРЕДЕНИ СО ПРЕТХОДНА ГОДИНА)**
**за периодот од 01. 07 до 30. 09. 2022 година**

| | **2022 год.** | | **2021 год.** | | **Индекс** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на расход** | износ | | износ | | % |
| **1.МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ** | | струк тура | | струк тура | |
| 400-Потрошени суровини и материјали | 2,527,181.00 | *5.9* | 2,902,624.00 | *7.66* | 87 |
| 402-Потрошена нафта и гориво | 4,473,308.00 | *10.4* | 4,230,688.00 | *11.20* | 106 |
| 403-Потрошена ел.енергија | 523,189.00 | *1.2* | 112,514.00 | *0.3* | 467 |
| 407-Трошоци за автогуми | 350,686.00 | *0.8* | 538,104.00 | *1.42* | 65 |
| 4109-Останати транспортни услуги | | | 408,000.00 | *1.08* | |
| 411-Телефонски услуги | 242,249.00 | *0.6* | 168,184.00 | *0.44* | 144 |
| 413-Услуги за тековно одржување и заштита недвижности,опрема,постројки | 921,442.00 | *2.1* | 841,713.00 | *2.22* | 109 |
| 414-Наем-лизинг | 552,600.00 | *1.3* | | | |
| 415-Комунални услуги вода | 50,813.00 | *0.1* | 185,663.00 | *0.49* | 27 |
| 4158-Ветеринарни, санитарни услуги | 135,172.00 | *0.3* | | | |
| 4159-Други комунални услуги | 81,245.00 | *0.2* | | | |
| 419-Останати услуги | 36,327.00 | *0.1* | 41,936.00 | *0.11* | 88 |
| 430-Амортизација | 571,900.00 | *1.3* | 450,000.00 | *1.19* | 127 |
| **2.НЕМАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ** | | | | | |
| 440-Дневници за службени патувања | 3,104.00 | | 19,023.00 | *0.05* | 16 |
| 441-Надоместоци на трошоци на вработени | 6,600.00 | | 227,277.00 | *0,60* | 2 |
| 444-Трошоци за репрезентација, промоција | 18,435.00 | | 51,029.00 | *0.13* | 35 |
| 4170-Рекламирање и пропаганда | 234,610.00 | *0.5* | 333,000.00 | *0.88* | 70 |
| 445-Премии за осигурување | 62,174.00 | *0.1* | 3,955.00 | *0.01* | |
| 442-Трошоци за надомест УО и НО | 197,000.00 | *0.5* | 188,000.00 | *0.50* | 105 |
| 4430-Трошоци за спонзорства | 20,000.00 | | 10,000.00 | *0.01* | 200 |
| 4433-Трошоци за донации | | | 20,000.00 | *0.05* | |
| 446-Банкарски услуги и трош.за платен | 71,206.00 | *0.2* | 120,917.00 | *0.32* | 59 |
| 447-Даноци кои не зависат од резултат | 18,688.00 | | | | |
| 449-Останати нематеријални трошоци | 136,501.00 | *0.3* | 244,660.00 | *0.64* | 56 |
| 44901-Трошоци договор на дело | 91,906.00 | *0.2* | 45,000.00 | *0.12* | 202 |
| 44905-Адвокатски и нотарски трошоци | 371,181.00 | *0.9* | 70,626.00 | *0.18* | 530 |
| 469-Останати расходи од работењето | 344,458.00 | *0.8* | 147,340.00 | *0.39* | 234 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| **3.ПЛАТИ** | | | | | |
| 420-Плата и надоместоци на плата | 30,311,242.00 | *7* | 26,383,641.00 | *70* | 115 |
| 422-Трошоци за отпремнина при заминување во пензија и дадена помош | 446,482.00 | *1* | 88,486.00 | *0.23* | 506 |
| **4.ДРУГО** | | | | | |
| 474-Камати од работењето | 302,009.00 | *0.7* | 46,581.00 | *0.12* | 656 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ:** | **43,101,708.00** | ***100*** | **37,878,961.00** | ***100*** | **114** |

## VI. РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА НАПЛАТАТА ПО ОСНОВ НА УСЛУГАТА - ПОДИГАЊЕ, ТРАНСПОРТ И ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА И МАЛИ ПРАВНИ ПРАВНИ ЛИЦА

Сметките за физички лица, како и фактурите за мали правни се изготвуваат и дистрибуираат до корисниците во рамките на активностите и задолженијата на вработените во Одделение за Наплата.

Во пресметковниот период од 01.Јули до 30.Септември 2022 год. доставени се 83099 сметки односно вкупната вредност на задолжени сметки по основ на услугата подигање, транспорт и депонирање на смет од граѓани изнесува 21,841 (во илјада денари). Во прегледот поединечно по месеци прикажан е бројот на доставени сметки и нивното задолжение.

**РЕКАПИТУЛАЦИЈА**
**ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА ЗА 2022 год.**

| ***Месец*** | ***задолжение*** | | | | ***вкупна наплата*** | | | | *%* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *бр. Сметки* | | *износ (во 000 ден.)* | | *бр. Сметки* | | *Износ (во 000 ден.)* | | *Напл. Задол. (2022)* |
| | *2021* | ***2022*** | *2021* | ***2022*** | 2021 | ***2022*** | 2021 | ***2022*** | |
| VII | 27082 | *27607* | 6,526 | *6,654* | 35907 | *36142* | 8,333 | *8,339* | *125* |
| VIII | 27097 | *27717* | 6,527 | *6,698* | 35931 | *37207* | 8,470 | *8,692* | *129* |
| IX | 27111 | *27775* | 6,522 | *8,489* | 27149 | *27511* | 6,615 | *6,614* | *78* |
| ***Вкупно:*** | 81290 | ***83099*** | 19,575 | ***21,841*** | 98987 | ***100860*** | 23,418 | ***23,644*** | ***108*** |

Вкупниот број на наплатени сметки изнесува 100860, а вкупната вредност од наплата на сметки по основ на подигање, транспортирање и депонирање на смет изнесува 23,644 (во илјада денари) односно со индекс од 108%. Најголема наплата на сметки е остварена во месец Август 2022 година во вредност од 8,692 (во илјада денари) со индекс од 129%.

До малите правни лица кои својата дејност ја обавуваат на територија на Општина Охрид, по основ на услугата подигање, транспорт и депонирање на отпад, доставени се 5782 фактури, а вкупното задолжение изнесува 9,397 (во илјада денари). Во прегледот подолу поединечно по месеци прикажан е бројот на доставени фактури и нивното задолжение.

**РЕКАПИТУЛАЦИЈА**
**ЗА МАЛИ ПРАВНИ ЛИЦА ЗА 2022 год.**

| *Месец* | *задолжение* | | | | *вкупна наплата* | | | | *%* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *бр. сметки* | | *износ (во 000 ден.)* | | *бр. сметки* | | *износ (во 000 ден.)* | | *Напл. Задол. (2022)* |
| | *2021* | ***2022*** | *2021* | ***2022*** | *2021* | ***2022*** | *2021* | ***2022*** | |
| VII | 1944 | *1933* | 2,875 | *3,014* | 1667 | *1553* | 2,589 | *2,853* | *95* |
| VIII | 1959 | *1939* | 2,884 | *2,997* | 1683 | *1664* | 3,907 | *2,733* | *91* |
| IX | 1949 | *1910* | 2,838 | *3,386* | 1586 | *1606* | 2,364 | *2,270* | *67* |
| ***Вкупно:*** | 5852 | ***5782*** | 8,597 | ***9,397*** | 4936 | ***4823*** | 8,860 | ***8,860*** | ***94*** |

Вкупниот број на наплатени фактури изнесува 4823, а вкупната вредност од наплата на фактури по основ на подигање, транспортирање и депонирање на смет изнесува 8,860 (во илјада денари) односно со индекс од 94% од вкупното задолжение. Најголема наплата е остварена во месец Јули во вредност од 2,853 (во илјада денари) со индекс од 95%.

## VII. РЕДОВНИ И ВОНРЕДНИ АКТИВНОСТИ

Ј.П."Охридски Комуналец" - Охрид своите активности ги извршува врз основа на Оперативната програма за 2022 год. усвоена од Советот на Општина Охрид во која се испланирани сите активности поврзани со Јавната хигиена, Услужната хигиена, Јавното зеленило и многу други активности кои се наведени во делот Основање и Дејност.

Покрај редовните активности јавното претпријатие споредува и низа вонредни активности поврзани со подигање на нивото на хигиената во Општина Охрид, подржува многу манифестации и културни збиднувања, организира и учествува во еколошки акции и др.

Поради подобрување на јавната хигиена во градот, поради, Ј.П."Охридски Комуналец" - Охрид изврши промена во категории во метење и миење на улици и при тоа улиците кои беа во подолна категорија се ставени во погорна категорија, а исто така оваа дејност е проширена и на други улици кои до сега не беа опфатени со оваа Оперативна програма.

- **СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА**

**Одделение "Услужна Хигиена"**

Работите кои се однесуваат на собирање, подигање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад, одржување на депонија Буково и депонија за градежен шут Мауцкер кои се во надлежност на одделението "Услужна Хигиена", а во рамките на Секторот за Комунална Хигиена, во текот на месеците 01.Јули до 30. Септември 2022 година се реализира според Програмата за работа на Ј.П. "Охридски Комуналец" - Охрид за 2022 година.

Услужната Хигиена ја одржува чистотата на територијата на град Охрид, викенд населбите Лагадин, Елешец и населба Исток, Елшани, Св. Стефан, селата Пештани, Трпејца, Долно и Горно Лакочереј, Рача, Велесто, Велгошти, Коњско, Лескоец, Косел, Ливоишта, Вапила, Опеница, Куратица, Орман, Рамне, и Подмоље или вкупно 99% од населените места во општина Охрид .

Собирањето на отпад кај индивидуалните станбени објекти се вршеше во во садови за отпад, додека кај колективните станбени објекти во контејнери од 1,1м3. Отпадот од правните субјекти, училиштата, детските градинки и сезонските угостителски објекти се вршеше во контејнери од 1,1м3.

Со голема успешност функционираа двата прес контејнери кои се поставени на две најфреквентни локации во градот: во населба "Христо Узунов" и ул."Богомилска", како и двата подземни контејнери на ул."Македонски Просветители".

Во текот на Јули – Септември 2022 година подигнати се 42565м3 комунален отпад од домаќинства и 4631м3 комунален отпад правни субјекти (1472м3 комунален отпад правни субјекти без хотели и ресторани и 3159м3 комунален отпад хотели и ресторани), 112м3 индустриски неопасен отпад. Извршено е уништување на 31м3 отпад.

***Одделение "Услужна хигиена" и ПЕТ амбалажа***

Во составот на "Услужна хигиена" во периодот Јули – Септември 2022 година се вршеше селектирање на хартија и ПЕТ амбалажа. Беа подигнати, балирани и предадени 46510кг. хартија.

За функционирање на ова одделение се користат 15 контејнери за ПЕТ амбалажа кои се поставени во централното градско подрачје и 35 корпи од мрежа за собирање на хартија.

Собирањето на оваа секундарна суровина се врши по следната динамика: хартија се подигнуваше два пати на ден наутро и навечер со возило од сите пунктови низ градот каде има поставено контејнери за таа намена, а ПЕТ амбалажата се подигнуваше еднаш неделно во зискиот период и два пати нделно во летен период. Исто така се одговареше на сите повици за поголеми количини на хартија и ПЕТ амбалажа од претпријатијата.

Организирано е и подигнување на хартија и пластика каде имаме поставено по еден контејнер за хартија и пластика во училиштата во градот Охрид и приградските населби.

На цела територија на општина Охрид се поставени 15 садови за собирање ПЕТ амбалажа и 44 садови за отпадно стакло поставени во соработка со Пакомак – Скопје.

***Одделение Депонии***

*Одделението Депонии* ги одржува и оперира депониите во "Буково" и "Мауцкер". На депонијата Буково се депонира комунален отпад од домаќинства и правни субјекти кој се подигнува од територијата на Општина Охрид, а на депонија Мауцкер се депонира цврст отпад.

Во текот на месеците од Јули до Септември 2022 година на депонија Мауцкер депонирани се 4064м3 шут. Од страна на Ј.П. "Охридски Комуналец" - Охрид 1521м3 шут, кабаст отпад, земја, песок, муљ и 2543м3 шут од правни и физички лица .

Извештај

за подигнат и пренесен отпад во 2022

| | Собирање комунален отпад со возила | | Шут | Кабаст отпад | Зелен отпад | Земја Песок Камен,Муљ | Комунален отпад - правни субјекти без хотели и ресторани | Комунален отпад хотели и ресторани | индустриски отпад - правни субјекти | Уништување отпад Буково | Уништување отпад Буково | хартија | депонирано од ЈП Охридски Комуналец- шут,кабаст земја, песок, | Депонија Мауцкер - ШУТ од правни, физички лица (фискална) | Депонија Мауцкер - ШУТ, талог од правни лица (ф-ра) | Депонија Мауцкер - ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **месец** | **m3** | **t** | **m3** | **m3** | **m3** | **м3** | **м3** | **м3** | **m3** | **м3** | **кг** | **кг** | **м3** | **м3** | **м3** | **м3** |
| Јули | 13739 | 1099 | 140 | 140 | 144 | 61 | 422 | 1342 | 39 | 6 | 573 | 28530 | 341 | 580 | 527 | 1448 |
| Август | 16497 | 1319 | 214 | 132 | 72 | 310 | 577 | 1161 | 30 | 9 | 1110 | 10850 | 656 | 221 | 431 | 1308 |
| Септември | 12329 | 986 | 208 | 212 | 82 | 104 | 473 | 656 | 43 | 16 | 1713 | 7130 | 524 | 622 | 162 | 1308 |
| **Вкупно** | **42565** | **3404** | **562** | **484** | **298** | **475** | **1472** | **3159** | **112** | **31** | **3396** | **46510** | **1521** | **1423** | **1120** | **4064** |

Во продолжение е даден табеларен преглед на динамиката на подигнување на комуналниот отпад по денови и реони, каде услугите се димензионирани според потребите на градот, фреквентноста на населението и сообраќајот и досегашното искуство:

**ДИНАМИКА НА ПОДИГАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД**

**секојдневно подигање на комуналниот отпад од контејнери**

| **р.бр.** | **име на улица** | **број на корисници** |
|---|---|---|
| 1. | " Булевар Туристичка " | 2.570 |
| 2. | "Македонски Просветители" | 258 |
| 3. | "Коста Абраш" | 61 |
| 4. | "Партизанска" | 794 |
| 5. | "Цар Самоил" | 78 |
| 6. | "Кеј Македонија" | 247 |
| 7. | станбен комплекс"Расадник" | 398 |
| 8. | станбен комплекс "Христо Узунов" | 893 |
| 9. | "Галичица" | 394 |
| 10. | "7-ми Ноември" | 438 |
| 11. | "Никола Карев" | 374 |
| 12. | "Питу Гули" | 312 |
| 13. | "Мирче Ацев" | 266 |
| 14. | "Сирма Војвода" | 559 |
| 15. | "Карпош Војвода" | 493 |
| 16. | "Славеј Планина" | 246 |
| 17. | "Димитар Влахов" | 469 |
| 18. | "Егејска " | 252 |
| 19. | "Васил Стефоски" | 203 |
| 20. | "Даме Груев" | 493 |
| 21. | "Ариф Мустафа" | 184 |
| 22. | "Пере Тошев" | 180 |
| 23. | "Кузман Јосифоски –Питу" | 87 |
| 24. | "Охридати" | 564 |
| 25. | "АСНОМ" | 718 |
| 26. | пешачка патека после каналот Студенчишта објект"Куба Либре" | |

**Динамика на подигнување**
**комунален отпад по реони**

## Стар Град - во вторник и петок

| р.бр. | име на улица | број на корисници |
|---|---|---|
| 1. | "Климентов Универзитет" | 118 |
| 2. | "Христо Узунов" | 18 |
| 3. | "Аргир Маринчев" | 23 |
| 4. | "11-ти Октомври" | 26 |
| 5. | " Бранко Шотра" | 24 |
| 6. | "Нада Филева" | 37 |
| 7. | "Андон Дуков" | 39 |
| 8. | "Вардар" | 25 |
| 9. | "Методи Патчев" дел | 31 |
| 10. | "Боро Шаин" дел | 35 |
| 11. | "Димче Маленко" | 8 |

## Стар Град во понеделник и четврток

| р.бр. | име на улица | број на корисници |
|---|---|---|
| 1. | "Кузман Капидан" | 79 |
| 2. | "Браќа Миладинови" | 36 |
| 3. | "Кочо Рацин" | 56 |
| 4. | "Григор Прличев" | 42 |
| 5. | " Илинденска" | 67 |
| 6. | "Петар Чаулев" | 53 |
| 7. | "Рашанец" | 19 |
| 8. | "Методи Патчев"дел | 31 |
| 9. | "Боро Шаин" дел | 35 |
| 10. | "Охридска Архиепископија" | 24 |

## во понеделник и четврток

| р.бр. | име на улица | број на корисници |
|---|---|---|
| 1. | "Караорман" | 18 |
| 2. | "Јабланица" | 64 |
| 3. | "Димитар Влахов" | 469 |
| 4. | "Абас Емин" | 522 |
| 5. | "8 ми Март" | 50 |
| 6. | "Крали Марко" | 183 |
| 7. | "Гоце Делчев" | 516 |
| 8. | "Сатеска" | 429 |
| 9. | "Крум Точко" | 196 |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | "Махмут Рифат" | 27 |
| 11. | "Бистрица" | 153 |
| 12. | "Шар Планина" | 152 |
| 13. | "Васил Стефоски" | 203 |
| 14. | "Аџи Мустафа" | 103 |
| 15. | "Охридска Бригада" | 110 |
| 16. | "Пирин Планина" | 65 |
| 17. | "Петар Поп Арсов" | 73 |
| 18. | "Егејска" | 252 |
| 19. | "Миќо Гилиќ" | 39 |
| 20. | "Трајче Трајчески" | 43 |
| 21. | "Ариф Мустафа" | 184 |
| 22. | "Мирка Гинова" | 30 |
| 23. | "Никола Петров Русински" | 36 |
| 24. | "Пере Тошев" | 180 |
| 25. | Нас. Даљан | 479 |
| 26. | "Ѓорѓи Сугаре" | 16 |
| 27. | "Александар Турунџиев" | 79 |
| 28. | "Беќир Али Риза" | 227 |
| 29. | "Живко Чинго" | 147 |
| 30. | "Кирил и Методиј" | 97 |
| 31. | "Анастасија Узунова" | 32 |

**во вторник и петок**

| **р.бр.** | **име на улица** | **број на корисници** |
|---|---|---|
| 1. | Железничка со краците | 188 |
| 2. | "Будва" | 85 |
| 3. | "Винковачка" | 102 |
| 4. | "Кленоец" | 136 |
| 5. | "Веле Марков" | 34 |
| 6. | "Српница" | 34 |
| 7. | "Петрино" | 92 |
| 8. | "Даме Груев" - дел | 493 |
| 9. | "15-ти Корпус" | 125 |
| 10. | "Радојца Новичиќ" | 281 |
| 11. | "Прилепска" | 82 |
| 12. | "28-ми Април" | 76 |
| 13. | "Ристо Чадо" | 270 |
| 14. | "6та Бригада" | 45 |
| 15. | "130" | 127 |

**во среда и сабота**

| р.бр. | име на улица | број на корисници |
|---|---|---|
| 1. | "Питу Гули" | 312 |
| 2. | "Деан Војвода" | 436 |
| 3. | "Стив Наумов" | 202 |
| 4. | "Кеј Македонија" (рефус) | 247 |
| 5. | "Ванчо Николески" | 104 |
| 6. | "Којдан Чернодрински " | 14 |
| 7. | "Страшо Пинџур" | 31 |
| 8. | "Серафим Китаноски " | 6 |
| 9. | "Марко Нестороски " | 273 |
| 10. | "Васил Главинов" | 73 |
| 11. | "Крсте Мисирков" | 36 |
| 12. | "Богомилска" | 493 |
| 13. | "Кузман Шапкарев" | 28 |
| 14. | "Марко Цепенков" | 323 |
| 15. | "Александар Гушо" | 52 |
| 16. | "1-ва Македонска Ударна Бригада" | 148 |
| 17. | "1- ви Мај" | 56 |
| 18. | "Момчило Јорданоски " | 511 |
| 19. | "Трајче Дојчиноски " | 28 |
| 20. | "Вангел Николоски" | 52 |
| 21. | "Спас Банџов" | 99 |
| 22. | "Славеј Планина" | 246 |
| 23. | "Нас. Бејбунар" | 222 |
| 24. | "Малесија" | 21 |
| 25. | "Мите Богоевски" | 89 |
| 26. | "8-ми Септември" | 160 |
| 27. | "Лазо Трпоски" | 240 |
| 28. | "Ванчо Питошески " | 169 |
| 29. | "Карпош Војвода" | 493 |
| 30. | "Сирма Војвода" | 559 |
| 31. | "Билјанини Извори" | 12 |
| 32. | "Мирче Ацев" | 266 |
| 33. | "Даме Груев" - дел | 493 |
| 34. | "Јане Сандански" | 550 |
| 35. | "Андреа Јованоски" | 74 |
| 36. | "Дебарца" | 24 |

**Динамика на подигнување комунален отпад од приградските населби**

| р.бр. | приградска населба | Денови | број на корисници |
|---|---|---|---|
| 1. | с. Подмоље | понеделник и четврток | 162 |
| 2. | с. Лескоец | понеделник и четврток | 831 |
| 3. | нас.Андон Дуков | понеделник-четврток | 39 |
| 4. | с.Пештани | вторник-петок | 496 |
| 5. | с.Елшани | вторник-петок | 164 |
| 6. | нас.Елешец | вторник-петок | 112 |
| 7. | нас.Лагадин | вторник-петок | 190 |
| 8. | нас.Долно Коњско | вторник-петок | 145 |
| 9. | нас.Исток | вторник-петок | 67 |
| 10. | нас.Св.Стефан | вторник-петок | 176 |
| 11. | с.Велгошти | вторник-петок | 696 |
| 12. | с.Горно Лакочереј | вторник-петок | 133 |
| 13. | с.Долно Лакочереј | вторник-петок | 174 |
| 14. | с.Опеница | среда | 29 |
| 15. | с.Рача | среда; сабота | 536 |
| 16. | с.Косел | среда; сабота | 172 |
| 17. | с.Ливоишта | среда-сабота | 55 |
| 18. | с.Вапила | среда-сабота | 50 |
| 19. | с.Куратица | среда-сабота | 99 |
| 20. | с.Орман | среда-сабота | 36 |
| 21. | Нас.Чекоштина | среда-сабота | 11 |
| 22. | с.Љубаништа и Св. Наум | вторник-петок | 234 |
| 23. | с.Трпејца | вторник-петок | 132 |
| 24. | с.Велестово | по повик | 52 |
| 25. | Од хотелски комплекс | секојдневно во летен период , а останатиот период вторник-петок | |

**Одделение "Јавна Хигиена"**

Планот за редовно – тековно одржување на јавната хигиена го спроведува одделението "Јавна Хигиена", а се однесува на годишното одржување на улиците и тротоарите на територијата на Општина Охрид. Динамиката на одржување на јавните и сообраќајните површини е одредена со предложениот план кој се изготвува согласно Одлуката за комунален ред.

За побрзо интервенирање на улиците и поголема ефикасност во работата Одделението "Јавна Хигиена" е поделено на пет пунктови и тоа:

- пункт "Плоштад"
- пункт "Стар град"
- пункт "Даљан"
- пункт "Механизација"
- пункт "Нова Автобуска"

Извршителите на овие пунктови делуваат на околните улици согласно Програмата за категоризација на улиците донесена со Одлука од Советот на Општина Охрид.

Улиците се поделени во четири категории:

Во *прва категорија* се опфатени улици кои се метат секој ден преку цела година:

1. ул. "Св.Климент Охридски";
2. ул. Плоштад кај Чинарот;
3. ул. Плоштад кај пристаниште;
4. ул. "Кеј Маршал Тито" заедно со Кејот;
5. ул."Коста Абраш";
6. ул."Македонски Просветители";
7. ул."Партизанска";
8. ул."7-ми Ноември";
9. ул."Димитар Влахов";
10. ул."'Гоце Делчев";
11. дел од ул."Абас Емин"(потегот од "Туристичка " до "Гоце Делчев")
12 .ул."Булевар Туристичка" (од А.Д."Охридска Банка" до Тим – Маркет);
13. ул." Булевар Туристичка " (од Билјанини Извори до А.Д."Охридска – машинско чистење ;
14. ул. "Јане Сандански ";
15. ул "Цар Самоил";
16. дел од ул."Деан Војвода" (од "Абас Емин" до "Македонски Просветители");
17. потегот од "Билјанини Извори", дел од каналот и до ресторан Парк – собирање пластика, хартија и празнење корпи.

Во *втора категорија* се опфатени улици кои се метат секој втор ден во неделата, улици кои се тесно поврзани со улуците од прва категорија или се дел од нив, а во оваа категорија се вклучени следните улици:

1. Сите улици во Стар Град ("Илинденска", "Кузман Капидан", "Кочо Рацин", "Браќа Миладиновци", "Кирил и Методиј","Григор Прличев", "Климентов Универзитет", "Нада Филева", "Христо Узунов", "Боро Шаин");
2. ул."Кузман Јосифоски";
3. ул."Ванчо Николески";
4. ул."Серафим Китаноски";
5. ул."Даме Груев";
6. ул."Марко Нестороски";
7. населба "Христо Узунов";
8. ул."Булевар Туристичка" (од "Абас Емин" до кружниот тек на излезот од градот) - машинско миење;
9. ул."Галичица";
10. ул."Никола Карев";
11. ул."Мирче Ацев";
12. ул."Билјанини Извори";
13. ул."8-ми Септември";
14. ул."Ванчо Питошески";
15. ул."Лазо Трпоски";
16. ул."Сирма Војвода";
17. ул."Асном";
18. ул."Питу Гули";
19. ул."Егејска";
20. ул."Мите Богоески".

Улиците од *трета категорија* се метат два пати неделно:
1. ул."Кленоец";
2. ул."Марко  Цепенков";
3. ул."Стив Наумов";
4. ул."Крали Марко";
5. ул."Абас Емин"(од "Булевар Туристичка" до"Железничка");
6. ул."Шар Планина";
7. ул."Бистрица";
8. ул."Аџи Мустафа";
9. ул."Сатеска";
10. ул."Васил Стефоски";
11. ул."Крум Точко";
12. ул."Пирин Планина";
13. ул."Славеј Планина";
14. населба"Охридати"

Во *четвртата* категорија се опфатени улици кои се чистат еднаш во текот на неделата, а тоа се улици од поширок круг од центарот на градот:
1. ул."15-ти Корпус";
2. ул."Живко Чинго";
3. ул."Ристо Чадо";
4. ул."1-ва Македонска ударна бригада";
5. ул."Вангел Николоски";
6. ул."Момчило Јорданоски";
7. ул."Трајче Дојчиноски";

8. ул."Александар Гушо";
9. ул "Дебарца";
10. ул "1-ви Мај";
11. ул"Железничка";
12. ул."Ѓорче Петров";
13. населба "Барали"

Во оваа катерија се вклучени и приградските населби и места каде метењето се врши еднаш неделно:

1. населба "Св. Стефан";
2. населба "Лагадин";
3. с. Пештани;
4. с. Трпејца;
5. с. Љубаништа;
6. с. Велгошти;
7. с.Лескоец;
8. с.Косел.

Во периодот од Јули до Септември 2022 год. извршени се активности предвидени за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота за 2022 год., согласно Договорот:

- Во месец Јули 2022 година извршено е редовно рачно, машинско метење и миење на улиците по категории и вонредно чистење на реса, Езерото од муљ и багерување на кеј и одржување плажи кои не се под концесија;

- Во месец Август 2022 година извршено е редовно рачно, машинско метење и миење на улиците по категории и вонредно чистење на реса, езерото од муљ и багерување на кеј, собирање угинати животни, чистење лист и подигање и транспорт, одржување плажи кои не се под концесија;

- Во месец Септември 2022 година извршено е редовно рачно, машинско метење и миење на улиците по категории и вонредно чистење на реса, езерото од муљ и багерување на кеј, собирање угинати животни, чистење лист и подигање и транспорт, одржување плажи кои не се под концесија;

Одделението "Јавна Хигиена" во 2022 година реализира дополнителни активности според Програмата за вонредно чистење:

- Секојдневно расчистување на количини разградлив отпад (пластична и картонска амбалажа, најлонски кеси, лименки и др.) наноси од трска, реса и муљ исфрлени на кејот;

- После празникот беше извршено расчистување на комплексот Св. Наум;

- Согласно потпишани Договори за услуги беше извршено расчистување на Стадионот "Билјанини Извори", комплексот Касарна и Антички Театар после завршување на концертите;

- Миење и дезинфекција на локации каде се поставени контејнери;
- Ангажирани на две цистерни за миење на улици, а како дополнување на тековните активности ангажирана е и метачка;
- Поради пожар во с. Расино и с. Сирула во припомош беа ангажирани екипи на ЈП;
- Чистење и одржување хигиена на Балкански Фестивал и Охридско лето по склучен Договор;
- Средување и одржување хигиена на локалитетот во Велгошти за одржување на манифестација во спомен на Живко Чинго;
- Чистење на земја после пороен дожд во чаршијата, ул."Св.Климент Охридски", "Коста Абраш", "Гоце Делчев";
- Чистење и средување околу споменикот на загинатите Бугарски туристи;
- По налог на Општина Охрид извршено беше чистење околу споменици по повод 8 Септември Ден на независноста;
- Миење, чистење, собирање земја и талог поради оштетена водна пумпа кај бензиската пумпа Макпетрол;
- Поради огромно присуство на фестивалот на виното 24 часа беше ангажирана екипа за чистење и одржување на хигиената по барање на Општината;
- Беше спроведена акција за чистење магистралниот пат Охрид – Св. Наум;
- Акција за расчистување местото околу црквата Вера, Љубов и Нада;
- Повлекување на сите 40 поставени канти од 120 литри по завршувањето на туристичката сезона (кои беа поставени во почетокот на месец Јули).

Јавната хигиена за редовно извршуваните работи доставува ситуации одделно за месеците од Јули до Септември 2022 година во вредност од:

- за месец Јули на износ од 1,083,771.00 ден.;
- за месец Август на износ од 1,063,771.00 ден.;
- за месец Септември на износ од 1,001,923.00 ден.;

- **СЕКТОР ЗА МЕХАНИЗАЦИЈА**

Со секојдневните задолженија и активности кои ги спроведува секторот за механизација, истата претставува и сервис за другите сектори во склоп на Ј.П."Охридски Комуналец" – Охрид

Секторот за механизација обезбедува основа за обезбедување на услови за работа на основната дејност за подигање, транспорт и депонирање на отпад од домаќинствата и правните субјекти, како и останатите дејности за хигиена на територијата на град Охрид.

Ј.П."Охридски Комуналец"–Охрид располага со следната механизација:

- 14 специјални возила за подигање, транспорт и депонирање на комунален отпад;
- специјални возила: 1 комбиниран булдожер ФБ 100.2 и 1 комбиниран булдожер Hidromek;
- 1 цистерна за миење улици;
- МАН кипер со дигалка;
- 2 возила за транспорт на лица и опрема;
- 3 трактори;
- 3 ротациони посипувачи на сол и ризла за трактор;
- 1 возила "ЕПОХА" посипувач на сол и ризла за ФАП;
- 3 ножеви за чистење на снег за големи возила;
- 1 нож за чистење снег за трактор;
- 1 балирки за секундарни суровини;
- 10 машини за чистење снег од тротоарите;
- 1 Fap Кипер

Со овие основни средства Ј.П."Охридски Комуналец" – Охрид секторот за механизација покрај основните дејности ги изведува и следните работни задачи:

- Собирање, транспорт и депонирање на комунален цврст отпад од населението и индустријата;
- Одржување, уредување на депонија;
- Миење на јавните сообраќајни површини;
- Чистење на снег во зимски услови и посипување со сол и аброзивни средства на сообраќајници во градот и околината;
- Извршување на работа со градежни машини за сопствени потреби и услуги на правни и физички лица;
- Одржување на моторните возила од сопствениот возен парк во браварска работилница (поправка брави, ауспуси, ладилници, федер, поправка контејнер и др.);

- Извршување услуги по работен налог на Општина Охрид од Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици од општинскиот инспекторат;

- Се спроведе акција за машинско миење на сообраќајниците во градот за подобрување на јавните површини и отстранување аброзивни средства кои беа употребени за зимско одржување;

- Снабдување на гориво на сопствени возила преку сопствена пумпа;

- Работи од осигурување и регистрација на возила;

Поради широкиот обем на задачи Секторот за Механизација на Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид служи како сервис на Секторот на Паркови и зеленило и одделенето Услужна Хигиена и другите сектори и одделенија..

- **СЕКТОР ЗА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО**

Во изминатите три месеци активностите кои се предвидени со Програмата за работа за 2022 год. од Градскиот Совет на Општина Охрид за јавно зеленило за редовно извршуваните работи се доставени ситуации одделно за месеците од Јули до Септември 2022 година. Ситуациите се доставени до Секторот за Комунални дејности при Општина Охрид. Активностите кои беа реализирани од Програмата за работа се:

- Собирање хартија и отпадоци од Градскиот парк и "Булевар Туристичка";

- Машинско косење, собирање и изнесување трева во Градскиот парк, ул."Булевар Туристичка", ул."Јане Сандански" и ул."7ми Ноември", Општина Охрид, парк Рача, кај пешачката патека кај каналот "Билјани Извори" и од мостот до Горица;

- Собирање трева по машинско косење;

- Плевење, прашење и поливање на дрвореди, грмушки, трева;

- Прашење и поливање на сезонско цвеќе;

- Косење трева со грбна косачка, чистење обраснато зеленило, трњ на улици и населби во поширокото градско подрачје;

- Копање, припрема леи со фрезирање, ѓубрење и садење сезонско цвеќе во Градскиот парк и градско зеленило;

- Одржување жардињери и дрвореди;

- Одржување и садење грмушки, холтикултурно уредување околу кружниот тек на Булевар Туристичка и ул. "Јане Сандански" и нивно поливање;
- Наводнување Градски Парк, Туристичка, зелен појас;
- Кроење и одржување на форми од зеленило и одржување трендафили;

Покрај редовните активности екипите на Сектор за Паркови и Зеленило во изминатиот период извршува и голем број вонредни активности кои придонесоа за подигнување на нивото на уредени градски паркови, зеленило и унапредување на животната средина:

- Припрема со земја и садење растенија , сезонско цвеќе на зелен појас на ул. Просветители и нејзино одржување од Општина Охрид;
- Отстранување на паднати дрвја и гранки при невреме;
- Обновување на цветни леи со сезонско цвеќе;
- Сечење дрва по решение од Општина Охрид со кое е задолжено ЈП "Охридски Комуналец" – Охрид;
- Косење, чистење зеленило, трње и собирање во објектите на старата Касарна;
- Косење, чистење зеленило, трње и собирање во Петља;
- Чистење обрасната вегетација во детските игралишта, училишта, градинки и околу нив;
- Изработка на резници и фрлање семе за сезонско цвеќе(40000) за 2022/2023 година;
- Чистење обрасната вегетација, косење и собирање зеленило од ул" Гоце Делчев", Трпејца, Видобишта, ул."Ристо Чадо", нас. Коњско, Рача, с.Љубаништа, Стариот дел на градот, с.Орман, с.Лакочереј, с.Завој, нас. "Билјанини Извори", нас. Бараки, Рамне, нас. Исток, ул. "Железничка", "Мирка Гинова", с.Скребатно, Лескоец, ул."Радоица Новичич", ул. "Стив Наумов", "Деан Војвода" и речните корита;
- Прихрана на сите дрвореди, тревници, цветни леи во Општина Охрид со вештачко ѓубриво;
- Редовна контрола на Чинарите заштитени со закон;
- Сервисирање на парковска механизација (тример, косачки, ножици за шишање, пумпи за наводнување и др.).

Јавното зеленило за редовно извршуваните работи доставува ситуации одделно за месеците од Јули до Септември 2022 година во вредност од :

- за месец Јули на износ од 936,724.00 ден.;
- за месец Август на износ од 936,724.00 ден.;
- за месец Септември на износ од 781,079.00 ден.;

**Октомври,**
**2022 год.**

**Ј.П."ОХРИСКИ КОМУНАЛЕЦ"- ОХРИД**
**В.Д. Директор:**
**Сашо Најдески**